

ИЗДАНИЕ БР.19, МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2019
ИЗДАНИЕ БР.19, МЕСЕЦ JАНУАРИ 2020

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## ПОТПОРЕН ЅИД ВО С.ВАТАША

Армирано-бетонскиот ѕид за стабилизација на земјиштето на дел од улицата „Ќиро Арсов" во Ваташа беше финализиран. Ангажираната оператива на фирмата „Градба промет" ги спроведе завршните работи на овој проект на Општина Кавадарци
Ѕидот е со должина од 12 метри, а со неговата изградба општината ќе создаде услови за по безбедна комуникација и отстранување на евентуална опасност, на оваа споредна улица околу која гравитираат повеќе индивидуални станбени објекти.
Ѕидот се гради во склоп на програмата за комунална изградба, на барање на жителите од Ваташа.

## ОБНОВЕН СЕВЕРЕН БУЛЕВАР

Градежната механизација на ангажираната оператива ги поставува завршните метри од новиот асфалт на оваа прометна регионална улица.
Овој зафат е на барање на општината, а се однесува на отстранување на пропустите и оштетувањата на асфалтот кои настанаа во текот на употребата.
Новото асфалтирање е на товар на изведувачот.





## УЛИЦИ ВО НАСЕЛБА ЈАСМИН

Фирмата „Градба промет" работеше на реализација на комуналниот проект на Општина Кавадарци за изградба на улици во населбата „Јасмин".
Според проектот во оваа фаза општината треба да изврши пробивање на нови улици согласно Деталниот урбанистички план со што би се оформиле комунациите за индивидуалните станбени објекти во тој дел на градот под СЦ „Јасмин". Ангажираната оператива треба да изврши нивелирање, трасирање, поставување на бетонски рабници и тампонирање на улиците.

## ИЗГРАДБА НА СКЕЈТ ПАРК

Општина Кавадарци преку ангажираната оператива, започна со реализација на проектот за изградба на „Скејт парк". На површина од 770 квадратни метри, планирано е да се изгради бетонско плато со финална обработка до мазен сјај, за рекреација и забава на младите „скејтери".
Со проектот се предвидува изградба заштитна ограда, како и поставување на 6 елементи и тоа: рампа (Bank Ramp), централен комбиниран елемент (Funbox + Grindbox 2/3 + rail 2/3), потоа Кутија за стругање (Grindbox 1), како и Кутија за стругање (Grindbox 2).
Од реквизитите кавадаречкиот скејт парк ќе има и Четвртина цевка (Quarter Pipe), Права шина профил (Straight rail profile), како и пропратна опрема: клупи за одмор и корпи за отпадоци.
Се преедвидува и осветлување со рефлектори за користење на скејт паркот и во вечерни часови.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## ПРОШИРУВАЊЕ НА КРАК

Општината Кавадарци во рамките на комуналната изградба отстрани уште едно „тесно грло“ од уличната мрежа. Оперативата на ангажираната фирма го реализираше проектот за проширување на крак од ул.„Страшо Пинџур“, кај „Кавадаречи дол“.
После проширувањето коловозната лента 2,8 метри се зголеми на 5 метри коловоз, со тротоар. Проширувањето е во должина од 100 метри, на делницата од спојот со главната траса на „Страшо Пинџур“ до спој со улицата „Ѓоре Брушански“.
Општината овој проект го реализира на барање на жителите од овој дел на Кавадарци.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.СТРАШО ПИНЏУР

Општина Кавадарци преку ангажираната оператива завршува со асфалтирање на уште една улица од проектот МСИП, поддржан од Светска банка и ЕУ, кој се однесува на реконструкција на главните улици во градот. Заврши ревитализацијата на асфалтот на коловозната лента на улицата „Страшо Пинџур“. Обновен е стариот и дотраен асфалт на делницата од спојот со ул. „Ресавска“ кај „вториот триаголник“ па до ваташката пошта. Со овој зафат општината ревитализира улица од регионален карактер која е главна сообраќајна артерија на Кавадарци во правец север-југ. Преку неа се одвива и целокупниот сообраќај кон селата од подкожувјето каде има значајни стопански капацитети.





## ПЕШАЧКА ПАТЕКА

Се реализираше проект на општината за партерно уредување на пешачки патеки и пристап пред зградите на булеварот „Кочо Рацин“.
Согласно проектот, претходно на оваа локација се изврши поплочување на тротоар на улицата „Орце Николов“, под хотелот „Уни Палса“ 1, се оформи делница на сообраќаен пристап, а со бехатон плочи се урбанизираше и пристап до влез во зграда.
Од овој простор, претходно се отстраниа лимени гаражи, се расчисти отпад и шут, се кастреше бујна вегетација, се изгради нов паркинг, а се прошири и преасфалтира постоен паркинг, потоа се огради спортски терен и се изврши хортикултурно уредување. Просторот општината го урбанизира согласно програмата за комунална изградба, а на барање на жителите од овој дел на Урбаната заедница „Кула“

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ.ПОЛОШКА

Општината Кавадарци предаде во употреба на граѓаните уште една реконструирана улица. Ангажираната фирма „Градба промет“ од Кавадарци асфалтираше дел од улицата „Полошка“. Во оваа фаза целосно се реконструраа 600 метри квадратни коловозна површина. Во периодот што следи треба со поплочување да се обноват и 320 квадратни метри тротоари. Овој проект е дел од кампањата (мај-октомври) за реконструкција на улици и објекти во урбаните и месните заедници во Општина Кавадарци. Проектот се реализира во рамките на Програмата за комунална изградба, на барање на граѓаните од тој дел на Кавадарци.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ

Екипи од ЈП „Комуналец“ ОЕ „Паркови и зеленило“ работеа на хортикултурното уредување на зелени површини во градот. Според планот со оваа есенска акција ќе се засадта 5 000 корени на пролетни љубичици. Денеска се садеше во новите жардинери на градскиот плоштад пред Хотел „Балкан“ Есенското хортикултурното уредување ќе опфат садење на цвеќе и на соатантите зелени површини на плоштадот, на кружните теково, во градскиот парк, како и на новите зелени површини. Овој вид на љубичици е издржлив и отпорен на ниски температури, на напролет ќе расцвета во полн сјај.



## ПОПЛОЧЕН КРАК ОД УЛ.ИЛИНДЕНСКА

Општина Кавадарци започна со реализација на комунален проект за реконструкција на оштетен плочник на крак од улицата „Илинденска“. Станува збор за пристап со плато за паркинг во делот на БИТ зоната, зад зградта кај поранешен „Беко“. На оваа локација општината преку ангажираната оператива на фирмата „Пирамид билдинг“ од Скопје, треба да изгради бетонски плато на вкупна површина од 200 квадратни метри. Денеска се отстрануваа старите плочки, како подготовка за бетонирање на целокупната површина.

Со овј зафат ќе се санираат оштетувањата на плочникот во овој дел на централната градска улица.



## СМАРТ КЛУПА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД

На градскиот плоштад поставена е смарт клупа со соларен уред за полнење телефони и лаптопи и паркинг место за велосипеди со уред за пумпање на гуми.



## БЕТОНИРАЊЕ НА ПЛАТО

Општина Кавадарци преку ангажираната оператива на фирмата „Пирамид билдинг“ од Скопје, изврши бетонирање на плато на вкупна површина од 200 квадратни метри.

Овој комунален проект се однесува на реконструкција на оштетен плочник на крак од улицата „Илинденска“ во делот на БИТ зоната, зад зградта кај поранешен „Беко“.

Со овј зафат ќе се санираат и оштетувањата на плочникот во тој дел на централната градска улица.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



### ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С.МАРЕНА

Општината Кавадарци во рамките на програмата за комунална изградба реализира проект за поплочување на улица во селото Марена. Ангажираната оператива на фрмата „Патио Монт" од Кавадарци работи на поставување на бехатон плочки на вкупна површина од 400 квадратни метри. Проектот се однесува на урбанизирање на улицата „Диме Тодоров" - споредна. Претходно дел од оваа улица беше тампониран, а во оваа фаза се поставиа мали рабници на одреден дел и нов тампон. Проектот општината го реализира на барање на жителите од тој дел на Марена.

### АСФАЛТИРАЊЕ НА БУЛЕВАР НИКОЛА МИНЧЕВ

Општината Кавадарци преку ангажираната оператива започна со завршното асфалтирање на булеварот „Никола Минчев". Се асфалтираше потегот од спојот со „Северен билевар" до спојот со булеварот „Цветан Димов" кај новиот кружен тек. На оваа улица се реконструира површина од 10.000 квадратни метри. Реконструкцијата на улицата е во склоп на проектот МСИП што општината го реализира преку ЕУ и Светска банка. Со асфалтирањето на булеварот „Никола Минчев" Општината завршува со реализацијата на капиталниот проект за реконструкција на главните улици во Кавадарци.





### ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО С.МАРЕНА

Оперативата на фрмата „Патио Монт" од Кавадарци во с.Марена спроведе уредување на простор со бехатон плочки на вкупна површина од 130 квадратни метри. Проектот се однесува на урбанизирање на плато пред автобуската постојка во селото веднаш до сопосткиот мост на реката Луда Мара.

Општината овој проект го реализира на барање на жителите од тој дел на Марена. Со овие зафат општината приврушува со реализацијата Програмата за комунална изградба 2019 година, во селото Марена.

### ПОПЛОЧУВАЊЕ ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ ВО С.МАРЕНА

Општината Кавадарци во рамките на програмата за комунална изградба реализира проект за поплочување на пристап во селото Марена. Ангажираната оператива на фрмата „Патио Монт" од Кавадарци деновиве работи на оформување на урбанизиран пристап. Проектот се однесува на урбанизирање на улица-споредна што ќе служи за пристап на лице со пречки во движењето. Во оваа фаза се поставиа мали рабници, по што ќе следи тампонирање, а во завршната фаза и поставување на бехатон плочки на површина од 100 квадратни метри. Овој хуман социјален проект општината го реализира на барање на жителите од тој дел на Марена.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



## ЗАВРШНО АСФАЛТИРАЊЕ НА БУЛЕВАР НИКОЛА МИНЧЕВ

Ангажираната оператива за реализацијата на проектот МСИП за реконструкција на главните улици во Кавадарци продолжи со завршното асфалтирање на булеваротр „Никола Минчев“.

Се асфалтираше последната делница од спојот со булеваротр „Македонија“ до спојот со булеваротр „Моша Пијаде“ кај кружниот тек „автобуска станица“.

На оваа улица се реконструираше вкупна површина од 10.000 квадратни метри на целата должина од Обиколницата до кружниот тек кај автобуската станица.

Со асфалтирањето на булеваротр „Никола Минчев“ Општината заврши со реализацијата на капиталниот проект за реконструкција на главните улици во Кавадарци со кој беа опфатени и сообраќајниците: „Северен булевар“, булевар „Моша Пијаде“ и булевар „Цветан Димов“ како и улиците: ул. „7 Септември“, ул. „Мито Хаџи-Василев“, ул. „Пано Мударов“, ул. „Тиквешко востание“, ул. „Цано Поп-Ристов“ и улицата „Страшо Пинџур“.

Финсниските средства за овој капитален проект се обезбедени преку Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци, преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, а со цел финансирање на капитални инвестициони проекти, МСИП.



## АСФАЛТИРАЊЕ НА НОВИОТ МОСТ ВО С.ВАТАША

Ангажираната оператива на струмичката фирма „Жикол“ во Ваташа работи на асфалтирањето на новиот мост од регионална улица „Страшо Пинџур“. Во оваа фаза од изградбата се поставува првиот слој асфалт на спородниот пристап од улиците „Ферчо Поп-Ѓорѓиев“ и „Илчо Димов“, како и на делот од улицата „Страшо Пинџур“ од спојот со ул. „Вано Гурев“ во правец на Моклиште.

Се поставуваше првиот слој на асфалт, а за утре е предвидено и поставување на завршниот фин слој, со што ќе завршат градежните работи на овој капитален објект.

Инвестицијата е во вредност од околу 480 илјади евра, а средствата се обезбедени од буџетот на ЈП за државни патишта.

Мостот е од исклучителна важност, бидејќи се наоѓа на регионалниот пат Кавадарци-Мушов Гроб, по кој се одвива интензивен патнички и товарен сообраќај. Ова е проект со кој ќе се подобри безбедноста во сообраќајот на тој дел од општина Кавадарци.

Проект е од огромно значење за жителите на Ваташа и се реализира на нивно барање.

Општината апелира до граѓаните и учесниците во сообраќајот за време на асфалтерските работи да се придржуваат на времениот режим на сообраќај, со што ќе придонесат за непречено и квалитетно одвивање на работите.

## УЛ.ПЕРО ВИДЕВ

Оперативата на фирмата „АС-Машини“ ја спроведува завршната фаза на проектот на Општина Кавадарци на дел од улицата „Перо Видев“ во село Ваташа.

На потегот од кејот на реката Луда Мара до старата селска чешма се оформуваат тротоари, по што ќе се поставуваат павер елементи.

Претходно Општината преку ЈП „Комуналец“ долж целата траса на улицата изврши замена на старата со нова водоводна линија, по што следуваше нејзино цело поплочување.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Оперативата на фирмата „АС-Машини" ја спроведува завршната фаза на проектот на Општина Кавадарци на дел од улицата „Перо Видев" во село Ваташа. На потегот од кејот на реката Луда Мара до старата селска чешма се оформуваат тротоари, по што ќе се поставуваат павер елементи.
Претходно Општината преку ЈП „Комуналец" долж целата траса на улицата изврши замена на старата со нова водоводна линија, по што следуваше нејзино цело поплочување.

Оперативата на фирмата „АС-Машини" во селото Ваташа реализираше проект на Општина Кавадарци за поплочување на крак од улицата „Данко Дафков".
Се работи за поставување на бехатон плочки согласно потребите и барањата на жителите од Ваташа кои гравитираат на оваа улица.





Оперативата на ангажираната фирма „Патио монт" го реализира проектот за изградба на тротора во селото Сопот. Поплочена е делница од тротоарот на главната улица на локација наспроти селките гробишта.
Согласно проекото на локацијата прво се расчистуваше и порамнуваше теренот, по што се поставија мали рабници и тампон, а во завршната фаза и бехатон плочки.
Проектото е во склоп на програмата за комунална изградба, а се реализира на барање на жителите од Сопот.

Ангажираната оператива на фрмата „Патио Монт" од Кавадарци релизира урбанизиран пристап на улица-споредна во село Марена што ќе служи за пристап на лице со пречки во движењето. На површина од 100 квадратни метри се поставени бехатон плочки, откако претходно се оформи пристап со мали рабници и тампон.
Општината проектото го реализира на барање на жителите од тој дел на Марена.



# МОНИТОРИНГ ЦЕНТАР




Општина Кавадарци согласно важечката законска регулатива изврши обележување со известување за вршење на видео надзор на сите локации каде се поставени камерите во рамките на повикувачкиот центар.

Известувањето е јасно, поставено на видливо место и истакнато на начин што им овозможува на сите субјекти да се запознаат со вршење на видео надзорот.

Известувањето ги содржи следниве информации: Дека се врши видео надзор, За името односно називот на контролорот (одговорното лице) кое го врши надзорот, како и За начинот на кој може да се добијат информации.

На овој начин исполнувајќи ја законската обврска, општината ги информира граѓаните и учесниците во сообраќајот за постоењето на видео надзорот на градските улици. Видео надзорот го поставува исклучиво во функција за заштита на зелени површини, за заштита на урбаната опрема, заштита на пешачки патеки, сообраќајни знаци, семафори, заштита од диви депонии и се што е пропишано во законот. Овој систем функционира во согласност со законите.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Во тек е редовното кастрење на дрворедите кое Општина Кавадарци го реализира преку Јавното претпријатие„Комуналец".
Работите ги извршува организационата единица„Паркови и зеленило", а се работи на интервенција на дрворедите со кастрење на обраснати гранки, како и отстранување на сувите гранки кои се потенцијална опасност за пешаците и возачите.
Во оваа фаза со акцијата на општината се опфатени улиците:„Тиквешко востание" и „Илинденска".
Покрај ЈП„Комуналец" во акцијата како помагател со механизација и работна рака е вклучена и општествено одговорната компаниа:„Матал Апостолов".



Општина Кавадарци преку ангажираната оператива на фирмата„Градба промет" работи на реализација на проект за асфалтирање на дел од улицата„Доне Попов".
Деновиве на локацијата се поставуваа рабници во вкупна должина од 240 метри, со што се оформи улица. Следува поста-вување на тампон, а во завршната фаза и асфалтирање на коловозот, на вкупна површина од 660 квадратни метри.

Општината овој проект го реализира на барање на граѓаните а во склоп на реализација на програмата за комунална изградба финансирана од општинскиот буџет.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Општина Кавадарци во соработка со општествено одговорната компанија„Ја-Ми" од Кавадарци продолжи со акцијата за расчистување на наноси од земја долж затрупаните одводни канали. Механизацијата денеска работеше на расчистување на одводниот канал на улицата„Шишка" на излезот од Глишиќ кон Марена. Се работи со два багера и два камиони, кои во текот на акцијата отстраниа 500 кубни метри земја. Се расчисти одводен канал во должина од 500 метри од улицата до коритото на реката Луда Мара. Претходно во склоп на акцијата беа исчистени и одводните канали за зафаќање на атмосферската водо од локалниот пат Марена-Сопот.





Општина Кавадарци преку оперативата на ЈП„Комуналец" ОЕ„Паркови и зеленило" започна со реализација на проект за хортикултурно уредување на просторот помеѓу потпорниот ѕид на паркингот на ул.„Тиквешко востание". Комуналци денеска насипаа земја, а во наредните денови ќе постават и систем за полевање, по што ќе следи озеленување и хортикултурно уредување.
Претходно општината во ровот постави нисконапонски кабел кој ќе напојува со струја нови 4 ниски канделабри од Јавното улично осветлување.

Општината Кавадцарци преку оперативата на ЈП„Комуналец" ги обележа сообраќајните површини на новиот мост во Ваташа.
Со бела флуоресцентна боја се обележаа полните и, испрекинатите линии на приста-пите и долж коловозната лента на мостот. А како дел од хоризонталната патна сигнализа-ција се обележаа и останатите сообраќајни површини. Паралелно беа поставени и повеќе сообраќајни знаци како дел од верти-калната патна сигнализација.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



**ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛ.ДАНКО ДАФКОВ**

Оперативата на фирмата „АС-Машини“ во селото Ваташа реализираше проект на Општина Кавадарци за поплочување на крак од улицата „Данко Дафков“.

Се работи за поставување на бехатон плочки согласно потребите и барањата на жителите од Ваташа кои гравитираат на оваа улица.



**ТРОТОАР ВО С.СОПОТ**

Оперативата на ангажираната фирма „Патио монт“ го реализира проектот за изградба на тротоар во селото Сопот. Поплочена е делница од тротоарот на главната улица на локација наспроти селките гробишта.

Согласно проекото на локацијата прво се расчистуваше и порамнуваше теренот, по што се поставија мали рабници и тампон, а во завршната фаза и бехатон плочки.

Проектото е во склоп на програмата за комунална изградба, а се реализира на барање на жителите од Сопот.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Првиот „Скејт парк“ во Кавадарци што се наоѓа во комплексот на спортскиот центар „Јасмин“ полека го добива својот проектиран лик. Пвед новогодишните празници ангажираната оператива го вгради бетонот од платото на скејт паркот. Деновиве се работи на уредување на рабовите, поставување на оградата, бехатон рабниците и пометување на подлогата како подготовка за поставување на реквизитите.
Во својот конечен лик скејт паркот кој е на површина од 770 метри квадратни ќе има реквизити за скејтерите, како и урбана опрема и јавно осветлување.

Општина Кавадарци преку ангажираната оператива на градежната фирма Градба промет изврши асфалтирање на делница од ул.„Бигла“ во УЗ „Страшо Пинџур“.
Според проектот нов асфалт се постави на реконструираната делница од 100 метри од улицата. Претходно беше отстранет дотраениот и оштетен асфалт, по што се постави тампон, а во завршната фаза вчера доцна попладне се асфалтираше делницата која се протега на стрмна угорница.
И овој проект се реализира на барање на граѓаните, а општинат од денеска им предаде во функција реконструрана улица по која ќе се одвива посигурен и побезбеден сообраќај.





Како дел од инфраструктурата на новиот мост во Ваташа е и линијата за јавно улично осветлување. Објектот ќе биде осветлен со четири ниски стлобови од 5 метри и еден висок 10 метарски столб конзола со 3 краци.
На нив се поставени еколошки ЛЕД светилки кои ќе го осветлуваат новиот мост и неговата околина. На ниските столбови се наоѓаат светилки со моќност од 30 W, а на високиот столб секоја светилка е со моќност од 80 W.

Оперативата на ангажираната фирма Жикол од Струмица ги изведува завршните работи на новиот мост во Ваташа.
Во последната фаза од изградбата се доврушва просторот за хортикултурно уредување од десната страна на реката Луда Мара, и се зајакнува оградата на стариот мост, кој ќе биде пренаменет во пешачки. За таа цел се посатвуваат бехатон коцки со што се продолжува тротоарот на ул.„Страшо Пинџур“ од страната на малиот парк.
Предвидено е новиот мост на реката Луда Мара во Ваташа кој е клучен сегмент од регионалниот пат Кавадарци-Мушов гроб да биде предаден во употреба идната недела.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Општина Кавадарци преку ангажираната оператива на фирмата „Градба промет" денеска асфалтираше дел од улицата „Доне Попов". Се асфалтираше новопробиениот коловоз, на вкупна површина од 660 квадратни метри.
Согласно проектот претходно на локацијата се поставуваа рабници во вкупна должина од 240 метри, со што се оформи улица на која се постави и тампон.
Општината овој проект го реализира на барање на граѓаните од населбата „Голи оток". Проектот е согласно програмата за комунална изградба, финансирана од општинскиот буџет.

Фирмата „Градба промет" деновиве работи на поставување на бетонски рабници нивелирање и тампонирање на улиците, од комуналниот проект на Општина Кавадарци за изградба на улици во населбата „Јасмин".
Согласно Деталниот урбанистички план општината изврши пробивање на нови улици со што се оформија комунациите за индивидуалните станбени објекти во тој дел на градот под СЦ „Јасмин".
Според проектот пробиени се четири нови улици на два споја со регионалната улица „8-ми Септември" која води кон Винарската визба „Тиквеш".
Реализацијата на проектот е на барање на жителите од оваа населба.





Општина Кавадарци во склоп на програмата за комунална изградба започна со реализација на нов комунален проект во Ваташа. Оперативата на фирмата „Градба промет" гради тротоар на улицата „Ќиро Арсов".
Денеска започнаа градежните работи на расчистување на просторот за изградба на тротоар. Според проектот на површина од 300 метри квадратни ќе се постават павер елементи. Претходно на таа површина ќе се изврши порамнување и поставување на тампон.
Изградбата на тротоарот е на барање на жителите од тој дел на Ваташа.

Продолжената градежна сезона овозможи Општина Кавадарци да реализира неколку проекти од Програмата за комунална изградба.
Оперативата на градежната фирма „Градба промет" денеска работеше на поставување на тампон на делница од улицата „Бигла" во УЗ „Страшо Пинџур".
Според проектот се рконструира делница од 100 метри, каде што прво беше отстранет дотраениот и оштетен асфалт, по што се постави тампон.
Во последната фаза ќе следи асфалтирање на оваа делница која се протега на стрмна угорница.
Со овој проект кој се реализира на барање на граѓаните, општинат ќе им предаде во функција реконструрана улица по која ќе се одвива посигурен и побезбеден сообраќај.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Опретивата на фирмата„Градба промет" започна со изградбата на новите 1.900 должни метри од колекторот за прифаќање на отпадните води на град Кавадарци. Новата делница се гради од Глишиќ до под село Марена.
Во неа ќе бидат вградени цевки со профил Фи 1.000, за оптимална пропусна моќ на цевкводот за зафаќање на фекалните и отпадните води од градската канализациона мрежа.
Ова е четврта фаза од доградбата со што вкупната должина на колекторот од сегашните 2.270 метри ќе се зголеми на 4.170 метри. Колекторската мрежа треба да ги однесе отпадните води до локацијата на идната прочистителна станица под селото Марена.

Овој еколошки проект е од исклучително значење за општина Кавадарци, бидејќи со негово заокружување после изградбата на прочистителната станица, реката Луда Мара која е реципиент на сите отпадни води од градот ќе биде прочистена и во Вардар ќе се влева незагадена вода.

Општина Кавадарци преку ангажираната оператива на фирмата„Градба промет" денеска асфалтираше дел од улицата„Доне Попов". Се асфалтираше новопробиениот коловоз, на вкупна површина од 660 квадратни метри. Согласно проектот претходно на локацијата се поставуваа рабници во вкупна должина од 240 метри, со што се оформи улица на која се постави и тампон. Општината овој проект го реализира на барање на граѓаните од населбата„Голи оток". Проектот е согласно програмата за комунална изградба, финансирана од општинскиот буџет.





Општината Кавадарци преку ЈП Комуналец деновиве работи на поставување на нова водоводна линија на Северен булевар.
Станува збор за проширување на градската водоводна мрежа на Северен булевар на потегот од спојот со ул. "Ѓорѓи Соколов" до спојот со булевар "Никола Минчев". Комуналци овде поставија ПВЦ црево со профил фи 63. Преку оваа линија со градската водоводна мрежа ќе се поврзат објектите од индустриската зона покрај обиколницата.

Со санација на надворешниот изглед на зградата број 2 на улицата„Браќа Хаџи-Тефови" продолжува проектот за обновување на фасадите на зградите во централното градско подрачје.
Ова е деветта зграда по ред, на која Општината преку оперативата на ангажираната фирма„Метал Апостолов" врши фарбање на фасадата, обнова на сачокот и на олуците.
Општината преку реализација на овој проект постигнува две главни цели: поголема безбедност за граѓаните со отстранување на опасноста од евентуална повреда од откинати делови на руинирана фасади, како и подобрување на



есетиката на зградите и подобрување на изгледот на централното градско подрачје.
Општината проектот го реализира согласно прогамата за обновување на дотраените фасади на зградите во центарот на градот.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Градоначалникот на Кавадарци м-р. Митко Јанчев оствари работна средба со Заменик министерот за животна средина Јани Макрадули. На средбата се разговараше за поддршката што општина Кавадарци ја доби од програмата на МЖСПП за намалување на загадувањето, како и за промена на стари врати и прозорци со енергетски ефикасни во објекти на дел од централните и подрачните училишта.

На средбата во кабинетото на Јанчев се разговараше за проектите кои се во фаза на реализација. Во изјава за јавноста градоначалникот Јанчев ги посочи проектите во општината при што истакна: „Согласно првиот Јавен повик за реализација на Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2019 година и намалување на високите концентрации на ПМ 10 и ПМ2.5 со замена на опрема/нееколошки системи за греење во градинки, основни и средни училишта во најзагадените градови во Македонија. Врз оваа основа на општина Кавадарци и беа доделени финансиски средства во висина од 5.195.420 денари за набавка на опрема за греење со еколошки системи наменета за основните училишта. Согласно пак Вториот Јавен повик за намалување на аерозагадувањето-енергетска ефикасност, ни беа доделени финансиски средства во видина од 1.804.589 денари кои се наменети за промена на надворешни врати и прозорци во основните училишта и тоа за следните објекти: ООУ „Тошко Велков Пепето", СОУ „Ќиро Спанцов-Брко". Ученички дом с.Дреново, како и во ПОУ с.Возарци и с.Дреново.

Градоначалникот Јанчев ги презентираше и податоците за изградба на Колекторскиот систем кој што е во должина од 4453 метри е изграден во Кавадарци па се до село Марена со финансиски средства од Министерството за животна средина, ИПА програмата на Европската унија и со општинско кофинансирање.

Во 2019 година, Доделени се финансиски средства во висина од 5.000.000 денари од страна на Министерството за животна средина а 10.524.000 денари се општинско учество.

Јанчев и Макрадули се сретнаа и со претставници на општинските еколошки организации, како и со дел од советниците во општинскиот совет Кавадарци со кои разговараа на еколошки теми.

Посетата се искористи и за увид во работите на објектот на училиштето„Димката Ангелов Габерот" Кавадарци, каде со републички средства се врши промена на системите за затоплување со еколошки грејни тела, потоа на објектот„ООУ Тошо Велков Пепето" каде се врши промена на столарија со ПВЦ прозорци, како и на изградбата на колекторскиот систем во селото Марена.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Оперативата на фирмата Градба промет поставува павер елементи на новиот тротоар на ул.„Ќиро Арсов“ во Ваташа. Изградбата на тротоарот е на барање на жителите од тој дел на Ваташа, а во рамките на програмата за комунална изградба, финансирана од општинскиот буџет.
Според проектот бехатон коцки ќе се постават на површина од 300 метри квадратни. Претходно на таа површина се изврши копање, порамнување и поставување на тампон.



Оперативата на ангажираната фирма Жикол од Струмица ги изведува завршните работи на новиот мост во Ваташа. Во последната фаза од изградбата се довршува просторот за хортикултурно уредување од десната страна на реката Луда Мара, и се зајакнува оградата на стариот мост, кој ќе биде пренаменет во пешачки. За таа цел се посатвуваат бехатон коцки со што се продолжува тротоарот на ул.„Страшо Пинџур“ од страната на малиот парк.
Предвидено е новиот мост на реката Луда Мара во Ваташа кој е клучен сегмент од регионалниот пат Кавадарци-Мушов гроб да биде предаден во употреба идната недела.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Во Кавадарци сопствената асфалтна база работи и во јануари. Нема застој во комуналната изградба. Се санираат прокопите со рециклиран асфалт и сопствена мобилна асфалтна база. Општина Кавадарци е единствена општина која го рециклира стариот асфалт а тоа носи многу економски и еколошки бенефиции.

ЈП Комуналец е единствено претпријатие кое во овој период од годината рециклира и произведува асфалт и работи на санирање на прокопи.

Општина Кавадарци преку секторот „Мој општинар" и ЈП „Комуналец" започна со реализација на проект за хортикултурно уредување на паркот на Револуцијата. Проектот предвидува обновување на тревната површина, кастрење на постојните како и садење на нови дрва и нискостеблести растенија.

Во првата фаза ќе се работи на поставување подземна линија за полевање, со која ќе се покрие целата површина на двете нивоа на паркот.

Во наредната фаз ќе се реализира хортикултурното уредување.





Општината Кавадарци започна со уредување на постојната и креирање на нова зелена површина на „Западен булевар".

Деновиве механизацијата на општествено одговорната компанија „ЈА-МИ" од Кавадарци работи на чистење и порамнување на теренот меѓу улицата „Западен булевар" и оградата на спортскиот терен на ООУ „Гоце Делчев". На овој простор се оформува нова зелена површина, каде после порамнувањето ќе се постави подземна линија за полевање и покривањето со плодна земла.

Во наредната фаза на оваа новоформирана зелена површина ќе биде посеана трева, засадени нискостеблести растенија како и дрва одрворедот на „Западен булевар".

Исто така ќе биде извршено и хортикултурно доуредување на соседаната постојна зелена површина кај мерната станица за амбиентале воздух над училиштето „Гоце Делчев".

Надлежната служба на општината со ЈП „Паркинг" Кавадарци деновиве во централното градско подрачје поставуваат информативни табли за зонското паркирање.

Изведувач на работите е фирмата „Вијадукт" од Гостивар која треба да постави160 сообраќајни знаци со информации за граѓаните и возачите поврзани со зонското паркирање.

Да потсетиме дека со одлука на Советот, општината воведува систем на платено зонско паркирање во централното градско јадро. Паркирањето ќе се врши во три зони „А, Б и Ц".

Во првата зона „А" еден час паркирање ќе изнесува 30 денари, во втора „Б" ќе се наплаќа 20 денари, еден час паркинг во тертата „Ц" зона ќе изнесува 10 денари.

Системот за платено зонско паркирање ќе профункционира во текот на овој месец.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Во рамките на програмата за комунална изградба на Општина Кавадарци, оперативата на фирмата „Градба промет" на површина од 70 метри квадратни постави павер елементи на крак од улицата „Фуштани".
Претходно на таа површина се изврши порамнување и поставување на тампон со мали рабници.
Изградбата на тротоарот е на барање на жителите од тој дел на Кавадарци.

Нов тротоар во Ваташа се изгради во склоп на програмата за комунална изградба на Општина Кавадарци. Оперативата на фирмата „Градба промет" на површина од 300 метри квадратни постави павер елементи за тротоар на улицата „Ќиро Арсов". Според проектот Претходно на таа површина се изврши порамнување и поставување на тампон.
Изградбата на тротоарот е на барање на жителите од тој дел на Ваташа.



Општината Кавадарци преку ангажираната оператива на фирмата „Ми-Комерц" деновиве работи на санација на земјениот локален пат Брана Моклиште-Езеро Градот.
Според проектот на општината, се работи на санирање на критичните места каде е оштетена и однесена старат подлога, на делови од патот каде се собира вода и се прават тешко проодни места. Исто така се чистат канафките и се проширува коловозот.
По санирањето на оштетувањата ќе следи поставување на тампон.
Со овој зафат општината ќе санира локален пат кој води од браната „Моклиште" кон селото Моклиште до езерото „Градот" познато како Моклишко Езеро.
На овој потег гравитираат земјоделци, во поново време значителен број сопственици на викенд куќи, како и голем број рекреативци пешаци и велосипедисти.



# МОЈ ОПШТИНАР



**Во рамките на редовната работа, Општина Кавадарци на предлог на градоначалникот Митко Јанчев воведе, за прв пат во постоењето, основана е  јавна служба која е ставена во служба на граѓаните МОЈ ОПШТИНАР. Ова служба го преороди секторот за работа со граѓаните. Извршени зе бројни активности во градот на предлог на Градоначалникот , Советот и граѓаните.**

**Од денеска ова служба работи во посебен сектор односно во се транформира во Техничко логистичка служба и мониторинг.**



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



**Започна реконструкцијата на градскиот стадион во Кавадарци.Според проектот најпрвин ќе биде целосно отстранета сегашната трева, а подлогата под неа ќе се подготви за поставување на нови бусени трева. Теренот ќе биде соодветно и дрениран со ефикасен систем за одводнување. Градкиот фудбалски стадион освен промената на сегашната подлога со нова трева, ќе добие и современо осветлување за одигрување на ноќни натпревари.**



# МОСТ ВАТАША



Градоначалникот на Кавадарци Митко Јанчев и директорот на Агенцијата за државни патишта, Зоран Китанов, денесак го предадоа во употреба новиот мост на реката Луда Мара во Ваташа.
Жителите на селото добија нов мост на река со што се обезбедува поголема безбедност во сообраќајот. Мостот ги поврзува, Кавадарци и Ваташа со селата од под кожувјето. Општината со свои средства работеше на инфраструктурно уредување на мостот.
Во обраќањето градоначалникот Јанчев рече:„Ова е долго очекуван и посакуван проект за општина Кавадарци и селото Ваташа. Стариот мост беше во катастрофална состојба и поставен во лоша позиција. Според анализите, годишно над 10 до 15 сообраќајки некогаш и со посериозни последици по учесниците во сообраќајот. На барање на општината успеавме да изготвиме заедничко решение со владата и Агенцијата за патишта. На овој дел се движат тешки возила од македонски шуми и стопанските субјекти кои гравитираат кон Кожув".
Јанчев нагласи дека инвестицијата е на вистинското место и овој мост ќе биде од големо значење и по отворањето на граничниот премин Пуљевац кон Грција.
Државата, преку Агенцијата за патишта инвестираше 500 илјади евра за изградба на мостот. Директорот на Агенцијата за патишта Китанов нагласи
„Кога прашав минатиот пат, жителите на Ваташа ми рекоа дека не знаат колку коли имаат извадено од реката, поради небезбедниот мост. Еве го новиот мост завршен, направен по сите правила и прописи. Благодарност до општината и градоначалникот што инфраструктурно не следеа за сликата да биде уште подобра, а граѓаните позадоволни." рече Китанов и нагласи дека во Тиквешијата е завршена реконструкцијата на два моста на реката Вардар и се пуштени во функција.

# ДЕТСКА ГРАДИНКА ВОЗАРЦИ



Градоначалникот на Општина Кавадарци м-р. Митко Јанчев и министерката за труд и социјална политика Мила Царовска денеска во селото Возарци ја отворија првата детска градинка.
Станува збор за преадаптација на поранешниот објект на амбулантата, кој сега со реконструкцијата е двонаменски. Новата градинка во Возарци има капацитет за прифаќање на 25 до 30 деца. На површина од осумдесеттина квадратни метри располага со занимална, просторија за персоналот, чајна кујна и санитарен јазол. Преостанатиот простор од објектот ќе ја има функцијата на амбуланта.
Во обраќањето пред присутните градоначалникот Јанчев рече: „Денеска, го предаваме во употреба објектот „Ѕвончица" во с.Возарци со капацитет за сместување на над 20 дечиња. Возарци е село во кое, поради добрата местоположба и близината до градското подрачје, младите останиваат со своите семејства и детската градинка беше неопходна во една ваква средина".
На отворањето на објектот присуствуваа жители од Возарци, како и претставници на Советот на општината и претседателот Ристо Сакалиев.
Овој проект општината го реализира на барање на жителите од Возарци. Со неговата изградба и предавање во функција



# ФОНДАЦИЈА НИКОЛА ЈАНЧЕВ



Фондацијата „Никола Јанчев" од Кавадарци додели десет стипендии на талентирани студенти од Кавадарци. На јавниот повик учествуваа 45 апликанти со одлични постигнати резултати во нивното образование. Предност имаа студенти кои потекнуваат од фамилии со ниски примања, студенти без родители и студенти од социјално ранливи семејства. Висината на поединечниот месечената стипендија изнесува 8000 денари бруто по стипендист. Секој студент девет месеци ќе добива по 8.000 денари месечно.
Најголем дел од средствата што ги добиа 10–те избрани кандидати се од платата на градоначалникот на Кавадарци Митко Јанчев, кој несебично ја донира за помош на младите на кои таа им е потребна. Свои средства во фондацијата донира и компанијата „Кожувчанка".



# УСПЕШНИОТ СРЕДНОШКОЛЕЦ МАЈКЛ ГЕОРГИЕВСКИ



Градоначалникот на Кавадарци м-р Митко Јанчев денеска во кабинетот го прими средношколецот Мајкл Георгиевски, кој како дел од македонскиот тим учествуваше на 16-та Меѓународна јуниорска олимпијада по природни науки, што од 3 до 12 декември се одржа во Доха, Катар.
Со сребрен медал се закити Мајкл Георгиевски, прва година во гимназијата „Добри Даскалов“ во Кавадарци, кој за време на државните натпревари оваа пролет беше основец во кавадаречкото ООУ „Гоце Делчев“.
Честитајќи му на младиот сограѓанин на исклучителниот успех градоначалникот Јанчев ја искажа неговата лична, како и определбата на општината за помош на талентираните ученици во нивниот понатамошен развој.
Навраќајќи се кон овој досега најголем успех на екипа од Македонија на меѓународен престижен натпревар, како и големиот успех на Мајкл, Јанчев нагласи дека токму ваквите успеси се поттик на општината да инвестира во подобрување на условите во образовните институции со цел и идните генерации да изнедрат успешни кадри.
Тој посочи дека треба многу повеќе да се вложува во учениците, со цел да постигнуваат уште поголеми успеси и достигнувања дома, како и во светот.
Македонскиот тим, составен од шест ученици и тројца професори, постигна голем успех на олимпијадата, на која учествуваа над 400 натпреварувачи од 70 држави во светот. Македонските ученици по природни науки физика, хемија и биологија. освоија сребрен и бронзен медал.
На Јуниорската олимпијада учесниците се натпреваруваа индивидуално на два теоретски тестови со прашања и задачи од предметите физика, биологија и хемија, и тимски со практична работа преку изведување по еден експеримент од секоја дисциплина.
До учеството на Олимпијадата во катарската престолнина, шесте македонски ученици ги поминаа општинските, регионалните и државните натпревари по физика, хемија и биологија, во периодот од февруари до мај 2019 година.

# НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА НАЈМАЛИТЕ

Декември е месец на подарување и посакување на добри желби.
Традиционално и оваа година им беа поделени новогодишни пакетчиња на дечињата кои ја посетуваат детската градинка Рада Поцева, учениците од сите основни училишта и социјално загрозените семејства.
Најмладите се потрудиле да подготват програма која доликува за новогодишната атмосфера. Децата беа најрадосни со доаѓањето на Дедо Мраз.
Само децата знаат и умеат да направат ноговодишна атмосфера која ќе изнуди насмевки кај сите присутни. Дедо мраз и баба мразица со насмевка ги поздравија децата и им подарија пакетчиња.















# НОВОГОДИШЕН ПРИЕМ

Градоначалникот Митко Јанчев и Советот на Општина Кавадарци организираа новогодишен прием во холот на општинската зграда.
На приемот беа поканите претставници од бизнис секторот, сите институции и јавните претпријатија како и вработените од локалната самоуправа.
Новогодишниот прием се организира традиционално секоја година како симболично заедничко посакување на добри желби во новата година од сите субјекти кои работат во интерес на граѓаните и кои придонесуваат за развој на нашата општина.













# НОВОГОДИШНА ПРОСЛАВА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД

И оваа година традиционално на Градскиот плоштад се славеше доаѓањето на Новата 2020 Година. За новогодишната атмосфера беа задолжени локални бендови кои привлекоа доста посетители кои поклопувањето на стрелките го дочекаа под отворено небо со добра музика.
Своe обраќање на полноќ имаше и Градоначалникот Митко Јанчев кој им ја честита Новата Година на сите сограѓани.








# ПОДАРОЦИ ЗА ДЕЖУРНИТЕ ВРАБОТЕНИ

Градоначалникот г-дин Митко Јанчев, за време на новогодишната ноќ, ги посети дежурните вработени во ПЦ ОН Кавадарци, Брза помош, Противпожарната единица и Општа болница. Службите задолжени за безбедноста на нашиот град и грижата за нашите сограѓани добија пригодни подароци и убави желби за наредната година.













# КАВАДАРЕЧКА КУЛТУРНА ЕСЕН

2019

Заврши уште едно издание на КАВАДАРЕЧКА КУЛТУРНА ЕСЕН. Оваа година една голема организација со многу посетеност и програма за сите вкусови. Манифестацијата започна со свечено отварање на градскиот плоштад со фанфари најава од ученици и професори од ООМБУ Лазо М.Рале , фолклорен ансамбл Тиквеш, хорот при ООМБУ Лазо М.Рале и оркестарот на народни инструменти. Му се оддаде почит на нашата најголема музичка ѕвезда со Вечер посветена на Тоше Проески.
Во склоп на оваа манифестација беше и одбележувањето "90 години театар во Кавадарци а воедно се отвори и Месец на театарот во Кавадарци со театарската претстава ОД КОЛ НА КОЛ.
Премиерно, а потоа и со целонеделен распоред, беше одиграна претставата СНЕЖАНА И 7-те ЏУЏИЊА.
Беа реализирани низа ликовни изложби на Елизабета Костова,Илија Спасов – Чендо и изложбата Ресенски ликовни мотиви во соработка со Дом на култура – Ресен.
Исто така беа реализирани и работилници од областа на драмската дејност, фолклорната дејност и од областа на фотографијата.
Месец на театарот освен што акцент имаше ставено на наши кавадаречки претстави беше збогатен и со многу гости .
Големо внимание привлече проекцијата на македонските филмови Медена земја и Врба.
Бевме сведоци и на вечер посветена на Никола Бадев.
Кавадаречките фолклорни средби исто така беа збогатени со гости од други културни институции.
На исто место со содржински богата програма се претставија Дом на култура "Иван Мазов - Климе" , Градска библиотека "Феткин" и "Музеј - Галерија".
Богатиот со содржина настан донесе изложба и ликовен перформанс со Драганчо Божинов кој твореше на лице место, изработка на слики со талог од кафе, презентација на книги, поезија и етно катче.
На 20 ноември 2019, во Домот на културата "Иван Мазов - Климе" Кавадарци, свечено беше затворена манифестацијата "Кавадаречка културна есен 2019".
Самиот чин на затворање го збогати целовечерниот концерт на "Градски оркестар Скопје" кој настапи со познати светски и домашни музички теми во специјален аранжман за оркестарот.
Манифестацијата "Кавадаречка културна есен 2019" донесе над триесет настани од областа на културата и уметноста - театарски претстави, изложби, промоции на книги, концерти и др.
Манифестацијата е под покровителство на Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци.
Ова беше уште еднпо традиционалнбо издание на КАВАДАРЕЧКА КУЛТУРНА ЕСЕН, се гледаме наредната година.

# КАВАДАРЕЧКА КУЛТУРНА ЕСЕН

2019

## ФОТОГРАФИИ ОД НАСТАНОТ









# ФОНДАЦИЈА НИКОЛА ЈАНЧЕВ



Фондацијата„Никола Јанчев“ од Кавадарци додели десет стипендии на талентирани студенти од Кавадарци. На јавниот повик учествуваа 45 апликанти со одлични постигнати резултати во нивното образование. Предност имаа студенти кои потекнуваат од фамилии со ниски примања, студенти без родители и студенти од социјално ранливи семејства. Висината на поединечниот месечената стипендија изнесува 8000 денари бруто по стипендист. Секој студент девет месеци ќе добива по 8.000 денари месечно.

Најголем дел од средствата што ги добиа 10–те избрани кандидати се од платата на градоначалникот на Кавадарци Митко Јанчев, кој несебично ја донира за помош на младите на кои таа им е потребна. Свои средства во фондацијата донира и компанијата„Кожувчанка“.



# ПОКАЗНО ТАКТИЧКА ВЕЖБА



Голем е бројот на повредени во пожарот кој избувна во спортската сала во Кавадарци. Потребно е дејствување на сите надлежни служби за извлекување на повредените, пружење помош и заштита на објектот. Дејствуваат два хелекиптери, противпожарни возила и возила на итната медицинска помош... Ова е дел од сценариото за голема показно-тактичка вежба за спасување што се одржа во Кавадарци организирана од МВР. Во вежбата беа вклучени два хеликоптери на МВР, припадници на единицата „Тигар", единицата за службени кучиња при МВР и припадници на крим-техника и сообраќајна полиција од СВР Велес – полициска станица Кавадарци. Исто така учестуваа локалната самоуправа, територијалната против пожарна единица Кавадарци и Неготино, итната медицинска помош Кавадарци, општинската организација на Црвен Крст Кавадарци и подрачното одделение на Дирекцијата за заштита и спасување.









# ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА: “БУЛИНГ”

Во ООУ „Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци се одржа втората од серијата едукативни работилници на тема „Булинг“ а со наслов „Амбасадори за пријателство“. На работилницата учество земаа учениците од осмо и деветo одделение од училиштето.
Едукативните работилници се дел од проектот Пријателство пред насилство спроведуван од Здружение за едукација, тренинг и развој Прогресс Плус, финансиран од регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан – ReLOaD, финансирана од Европската унија (ЕУ) , а ја спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). #ReLOaD #LocalDemocracy #WesternBalkans Regional Programme on Local Democracy UNDP MK Delegation of the European Union, Skopje.

**Отворен ден – граѓанско образование под мотото**
**“ДА за ДЕМОКРАТИЈА, ДА за ДЕМОКРАТСКО УЧИЛИШТЕ”**








# БЕСПЛАТНА ОБУКА ПО ИНФОРМАТИКА

Одлуката донесена на Совет за бесплатна обука по информатика, веќе се реализира. Обуката започна на 12.11. 2019 година и се опфатени деца од 5то и 9то одделение од социјално ранливи категории од ООУ Страшо Пинџур, ООУ Димката Ангелов Габерот Кавадарци и подрачното училиште во с.Сопот. Истиот се одвива два пати неделно во кабинетот по информатика при ООУ Димката Ангелов Габерот Кавадарци во времетраење од еден работен час , а за учениците од с.Сопот во училиштето. Обуката е планирана да трае 28 часа, односно крајот на февруари или почетокот на март. Ментор на проектот е проф.Горица Мицева.






## ВЕЛАТ, ДОБРИОТ ГЛАС НАСЕКАДЕН СЕ СЛУША, ПА ЗАТОА МОРА ДА ЈА ПРЕРАСКАЖЕМЕ И ОВАА ПРИКАЗНА.

ГРК Тиквеш 2014 е единствен ракометен клуб во град Кавадарци, самото име ни кажува дека е формиран 2014 година. Се започнува со една голема желба за успех и група ентузијасти и фанатици во ракометот, некогашни ракометари, за низ изминатите години да помине низ една макотрпна работа и неколку тешко поминати години доле, помеѓу оние кои не оставаа некој голем впечаток туку само го носеа ептетот ракометен град кој низ историјата овој град го има оставено зад себе.

По подолго време овој ракометен клуб е дел од ракометната елита, барем така изгледа сега за сега. Со најголем дел ракоетари кои потекнуваат од нашиот град Кавадарци, ГРК Тиквеш е на дофат да биде дел од елитната супер лига во нашата држава која пак е 13 светска сила во ракометот.

Од клубот и управат велат ТИКВЕШ ВО СУПЕР ЛИГА. Искрено се надеваме дека нивниот сон ќе се оствари, а некако тоа и не ни изгледа нереално доколку се земе во обзир фактот дека имаат 11 победи од 11 одиграни натпревари оваа сезона.

Нам ни преостанува само да ги бодриме, да бидеме со нив во оваа битка која несебично ја водат. Полни трибини и сите со една цел, ТИКВЕШ ВО  СУПЕР ЛИГА.



## 15 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА

# ЏУДО КЛУБОТ „КОЖУВЧАНКА„

Се работи за спортски клуб во кој тренираат и работат околу 300 џудисти во рамките на џудо федерацијата на Македонија при што се остварени бројни настапи на домашни, балкански и Европски првенства.Притоа се освоени и високи награди и признание што е плод на успешната работа на клубот од Кавадарци.

Џудо спортот во Македонија има константен интерес кај младите луѓе затоа и внимнието на спортските работници од земјата да се овозможат соодветни услови средства за развој на овој спорт кај нас.

Во Кавадарци пред одржувањето на свеченоста на Џудо клубот „ Кожувчанка" се одржа состанок на Извршниот одбор на Џудо федерацијата на Македонија.

Управата на џудо клубот „Кожувчанка„ на свеченоста во Кавадарци на 1 декември пригодни признанија и награди им додели на Митко Јанчев ,како прв претседетел на клубот, на Компанијата „Кожувчанка„ која перманентно ги подржува овие спортисти и Марјан Колев-долгогодишниот тренер на клубот.

На присутните со пригодни зборови им се обратија,од името на "Кожувчанка„ директорката Јанинка Чупаркоска која ја потенцира заложбата за подршката на џудо клубот , и Марјан Колев-кој се заблагодари на сите чинители за помошта што ја даваат за развој на џудото како спорт во Кавадраци.

Признание за соработка беше доделено на Џудо федерацијата на Македонија а за спонзисртво и пријателство и несебична помош на ; Бадев ДООЕЛ,Кам смарк ,Жито ју,Велком трејд , и Аква нет.Потоа признанија за ; Ване Настов,Благица Колева- за постигнати врвни резултати.Заслужни пријатели на Џудо клубот се; Орце Клинчаров, Сашко Ангелов, Сојуз на спортови,Џудо клубовите; Сејшн-Прилеп,Ипон од Скопје,Гладијатор –Кочани,Пелистер Битоала,Бушидо Прилеп и Пролетер-Прилеп.

За несебична подршка признанија добија; Мики Виденовиќ,Диме Коцевски, и Даниел Уневски.

## ГРАДСКИ МУАБЕТИ (декември и јануари)

Бидејќи немав обраќање до вас у декември мили читатели и за седум осум степени според рихтер помили читателки, еве у јануари ќе пробам да сублимирам за двата месеца на еден мастр'ф. Нова година помина ка и секоа нова година у последните десетина. Еден месец пред и десетина дена после новата, требаше или да си му брат на газдата на кафењето или ресторанот, или да си келнер у истите за да фаниш стол, евентуално маса затоа шо вработените у ДММ беа пуштени на нај јако. Помина и прославата на плоштадот, со наши бендови локални, ја бев таму, и искрено ногу убаво си поминаме. Изиграме некое оренце, си попеаме Македонски песни, испукаме огнометот, градоначалникот му честита Новата на Кавдарчани, и после сите на топло. Ај нова година некко помина без последици (за холестеролот, мастите и триглицеридите), ама празниците после беа убитачни. И секогаш оде ноа: ај уш Колејца и готово не јадам и не пиам. Арно ама после следува ај уш Бадник, ај уш Божиќ, ај уш Стара нова година, ај уш Водици, ај уш св Јован, и додека речиш уш едно АЈ, спремен си за детоксикација од храна и пиење...

Некаде пред нова година се случија и две Театарски премиери у продукција на Театарот при Дом на Култура Кавадарци. Традиционална новогодишна „Кој е вистинскиот Дедо Мраз" и „Професионалец", безвременскиот текст на Душан Ковачевиќ, (втората сеуште е на репертоар). Во најава се уште две премиери до крајот на април, уште една за помладата публика, и една комедија со наслов „Како да снимиш еротски филм".

Јануари не почна убаво, лафам на глобално ниво. Ужасни пожари у Австралија, земјотреси, смртоносен вирус у Кина кој изгледа иде и накај нас, војна у Иран (ај од прва погојте со кој се тепат?), страшна хеликоптерска несреќа у која загинаа 9 души меѓу кои и легендата на светската кошарка, еден од десетте најдобри кошаркари на сите времиња, Коби Брајант. Кога вака ќе прочитам шо су напишал, стварно страшно лош почеток на Дваjс Дваjс, ама се надевам дека цело зло ќе замине сега и сепак годинта ќе си продолже онака како треба. А локално, кај нас у Кавадарци искрено е скоро се под контрола. Се спрема на големо празникот Св. Трифун (некои до душа го спремат и ниа западњачкиот „празник", ама за тоа у следното издание), на дечките му помина распустот, за жал нивна а и моја без ни едно снегулче до сеа, а ка шо тера вака ќе а истераме ваа зима без снегче . Уш една ногу убава работа шо ќе почне да се реализира од 1 февруари е зонското паркирање, за кое сите Кавдарчани вклучително и ја, имат големи очекувања, надевајќи се дека конечно ќе се ставе крај со агонијата за наоѓање паркинг место, ама и за сообраќајниот хаос, особено за пазарните денови. Јас искрено су оптимист, сигурен су дека Градоначалникот и службите го имат разработено виа проблем , ама сепак да не лафам (пишам) однапред. Еве го дека е први, а у следното издание ќе прелафиме троа и за ефектите од зонското...

Ја се распиша а еден и нешто е, а утре су прва на работа. Ај уш две три работи. На спортски план мируваме до пред малку, полека ќе почнат да се играат пролетните делови од сезоните у колективните спортови, шо значи пак ќе има радоси, помалку разочарувања, и нормално пцости, оти тоа кај нас у Кавадарци и онака си оде. Македонија беше на Европско у ракомет. Не а поминаме групната фаза, ама сепак они се наши херои затоа шо до сеа го имат направено за Македонија.

Пи. Ес. ВАТАША ИМА НОВ МООООСТ, стариот кој ни Ваташани си го викаме Ж'тиот (до душа и виа така ќе го викаме па каква и да му е бојата), сеа е само за пешаци, и ни Ваташани а и Кавдарчани шо одат секојдневно нагоре се надеват дека од виа новиот ќе нема каскадерски сцени ка од стариот

Ву КОЦЕВСКИ

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иноватива Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**